Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

**С Е ПРОГЛАС УВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид за периодот од 01.01 до 31.12.2024 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година.

**Број 09 – 3254/128**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ “ - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2024 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП„Охридски комуналец“ - Охрид за периодот од 01.01 до 31.12.2024 година, усвоен од Управниот одбор со Одлука бр.02-293/4 од 06.05.2025 година и Заклучок на Надзорниот одбор бр.02-292/4 од 06.05.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3254/24**
**14.03.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХР ИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Јавно претпријатие за комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-292/4
06.03.2025

*Ј.П. "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД*

**Тел: 00 389 46 263-325 E-mail : ohridkom@t.mk**
**Жиро сметка: 250000100073168 Дан.бр.: МК 4020989101655**
**Депонент: "Шпаркасе Банка"-Скопје**

Надзорниот одбор за контрола над материјално-финансиското работење на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид на својата 23-та седница одржана на ден 06.03.2025 година,го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Се прифаќа Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски Комуналец" Охрид за периодот од 01.01.2024 – 31.12.2024 година.

Ова Мислење да се достави до Управниот Одбор на ЈП„Охридски Комуналец" Охрид.

Надзорен Одбор за контрола над материјално-финансиското работење на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид

Претседател
Зоран Симоноски

Јавно претпријатие за комунални дејности "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 02-293/4
06.03.25

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 17 од Статутот на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид, Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец" Охрид на својата седница одржана на ден 06.03.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

За усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид за периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година

**Член 1**

Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид го усвојува Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид за периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година.

**Член 2**

При донесувањето на оваа Одлука Управниот Одбор на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид го имаше во предвид Мислењето од Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид број 02-292/4 од 06.03.2025 година.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП "Охридски Комуналец" Охрид за периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година и Мислењето од Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП"Охридски Комуналец"Охрид број 02-292/4 од 06.03.2025 година.

**Член 4**

Оваа Одлука да се достави до основачот, Советот на општина Охрид.

Управен Одбор на ЈП Охридски Комуналец Охрид
Претседател, Александар Бушакоски

**ЈП "ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" - ОХРИД**

Тел./Факс:++389 46 263-325 E-mail : ohridkom@t.mk
Жиро сметка: 250-0001000731-68 Даночен бр.: МК 4020989101655
Депонент: " Шпаркасе Банка АД" - Скопје

# И З В Е Ш Т А Ј
## за остварените резултати од работењето на
## Ј.П."ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" - ОХРИД
## за периодот 01. Јануари – 31.Декември 2024 год.

Охрид,
Февруари 2025 година

Јавно претпријатие за комунална дејност
"ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ"
Бр. 05-298/1
06.03.2025 г.

# I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ НА Ј.П."ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" – ОХРИД

***ОСНОВАЊЕ***

Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид е локално јавно претпријатие основано од страна на Општина Охрид, организирано за извршување на комунални дејности на територијата на Општина Охрид.

***ДЕЈНОСТ***

Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид врши широк спектар на активности кои се сублемирани во следниве основни дејности (националната класификација на дејности):

- 38.11 Собирање, транспорт и депонирање на комунален отпад;

- 81.29 Одржување на јавната чистота во градските и приградските населби;

- 81.30 Уредување и одржување на градските паркови, зеленила, парк шуми;
- 68.20 Издавање имот под закуп.

Дејноста и активностите на Ј.П."Охридски Комуналец" – Охрид се регулирани и усогласени согласно законските и подзаконските акти и тоа: Законот за јавни претпријатија, Законот за комунални дејности, Законот за управување со отпад, Закон за Јавна чистота и други законски прописи.

Во согласност со Програмата за работа за 2024 год. се определени и планирани начинот и динамиката на собирање на отпадот од домаќинствата и стопанските субјекти, начинот и динамиката на одржување на јавната чистота на подрачјето на општина Охрид и приградските населби, одржување на јавното зеленило, организационо – техничката опременост и финансиски показатели.

При извршувањето на дејностите од јавен интерес јавното претпријатие ги почитува принципите на сигурност во давање на услугите, континуитетот и квалитет на услугата, транспарентност, квалитет на услугата, достапност и универзална услуга и заштита на корисниците.

Ј.П."Охридски Комуналец" – Охрид преку разни средства се стреми за развивање на еколошката свест кај локалното население, со цел да им покаже на граѓаните и правните субјекти дека грижата за животната средина треба да добие карактер на економски стимул. Едукацијата на најмладата популација на нашиот град е важен сегмент во нашето работење, за намалување на количеството отпад и зачувување на количеството на отпад и зачувување на човековата околина.

## II. ОРГАНИЗАЦИЈА

Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид согласно Правилник за внатрешна организација на Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид бр.2 02-599/7 од 14.04.2021, Правилникот за внатрешна организација и систематизација бр. 02-599/8 од 14.04.2021 година усвоен со Одлука од Управен одбор бр. 02-599/4 од 14.04.2021 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид број 04-2413/1 од 13.12.2021 год. и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид број 02-514/4 од 06.05.2022 год.; Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид број 03-896/3 од 30.06.2023 год., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид број 02-1470/5 од 31.08.2023 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид број 02-873/5 од 05.07.2024 година.

Во Секторите постојат одделенија и оддели во кои се обавува процесот на работа, а кои се во согласност со потребите и условите за работа:

***Сектор за Општи, правни работи и човечки ресурси**
- Одделение за општи и правни работи
- Одделение за човечки ресурси

***Сектор за Финансии, сметководство и комерција**
- Одделение за сметководство
- Одделение за наплата
  *Оддел инкасанти*
- Одделение за АОП
- Одделение за јавни набавки
  *Оддел за магацинско работење*

*** Сектор за Комунална Хигиена**
- Одделение за услужна хигиена
- Одделение за јавна хигиена
- Одделение за депонирање отпад
  *Оддел – прифатилиште за бездомни животни*

*** СЕКТОР за Паркови и зеленило**
- Одделение за хортикултура
- Одделение паркови и зеленило

***Сектор за Механизација**
- Одделение за експлоатација на возен парк
- Одделение за одржување моторни возила

***ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ***

Органи на управување во J.П."Охридски Комуналец" – Охрид се:

- *Управен Одбор:* составен од 7 члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Охрид;

- *Надзорен Одбор:* составен од 5 члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Охрид;

- *Директор,* кој го именува и разрешува градоначалникот на Општина Охрид.

***БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ***

Во табела е прикажан бројот на вработени во Ј.П."Охридски Комуналец" – Охрид за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година:

*Бројот на вработени по месеци*

| месец / год. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2024** | 300 | 300 | 300 | 298 | 297 | 297 | 312 | 307 | 306 | 304 | 303 | 302 |
| **2023** | 302 | 296 | 295 | 296 | 307 | 306 | 309 | 308 | 304 | 307 | 304 | 305 |

Од вкупниот број на вработени за пресметковниот период 01.01.2024 год. – 31.12.2024 година во просек изнесува 302 вработени. Заклучно со месец Декември 2024 година бројот на вработени изнесува 302 од кои 261 вработени на неопределено време , а 41 на определено работно време.

Сите работни места се во согласност со Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот за внатрешна организација на Ј.П. "Охридски Комуналец" – Охрид.

*Број на вработени по сектори заклучно со 31.12.2024 година*

| **СЕКТОР ЗА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА** | | | | | | **СЕКТОР ЗА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО** | | **СЕКТОР ЗА МЕХАНИЗАЦ ИЈА** | | **СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | | **СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јавна | | Услужна | | Депон ија | | | | | | | | | |
| н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. | н. | о. |
| 46 | 6 | 49 | 21 | 4 | | 37 | 2 | 45 | 8 | 53 | 1 | 27 | 3 |

## III. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Преку финансиските извештаи треба да се обезбедат информации за финансиската состојба и работење на претпријатието што пак ќе се користат за донесување на правилни економски решенија. Тие ги покажуваат резултатите од раководството и управувањето со доверените средства со доверените средства односно финансиските извештаи обезбедуваат информации за средствата, капиталот, обврските, приходите и расходите вклучувајќи ја добивката или загубата на претпријатието.

Финансиските извештаи ги сочинуваат :

1. Биланс на успех
2. Биланс на состојба

Врз основа на добиените податоци од сметководствената евиденција прикажани се вкупните приходи по конта и структурата на расходите т.е. трошоците.

### III.1. Биланс на успех

Во Билансот на успех или извештајот за финансискиот резултат вредноста на вкупните приходи во износ од 163,149,918.00 денари се помали од вкупните расходи кои изнесуваат 199,895,097,00 денари.

Загубата од редовно работење за периодот од 01. Јануари до 31.Декември 2024 година се јавува како разлика на *расходите* од основни дејности зголемени за вредноста на расходите од други дејности и разликата на залихите на готови производи на почетокот на годината и залихата на готови производи на крајот на годината и *приходите* од основни дејности зголемени за вредноста на приходите од други дејности.

Загубата од редовно работење во вредност од 36,745,179,00 денари е прикажана во табелата на Биланс на успех. Расходите од работењето во себе ги содржат трошоците за суровини и материјали, набавната вредност на продадени стоки, услуги со карактер на материјални трошоци, трошоци за вработените, плати и надоместоци на плата (нето), придонеси од задолжително социјално осигурување, вредносно усогласување на тековни средства и амортизацијата на материјалните и нематеријалните средства.

Споредбата на приходите и расходите во табелата на Билансот на успех е направена за 2024 и 2023 година. Секое зголемување или намалување на приходите и расходите искажано е преку индекс. Приходите од работењето во вредност од 158,590,449.00 денари во 2024 год. споредени со приходите од работењето од минатата 2023 год. се помали и имаат индекс од 93%. Финансиските приходи во вредност од 4,559,469.00 денари во споредба со финансиските приходи од 2023 година се помали и имаат индекс од 77%.

Расходите од работењето во вредност од 195,689,809.00 денари за 2024 година споредени со расходите од работењето од минатата 2023 година се поголеми и имаат индекс од 103%. Финансиските расходи во вредност од 2,800,388.00 денари во споредба со финансиските расходи од 2023 година се поголеми.

**БИЛАНС НА УСПЕХ**

| | | 2024 год. | 2023 год. | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| | **Вид на приходи или расходи** | износ | износ | % |
| 1 | **I.ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **158,590,449.00** | **171,204,001.00** | ***93*** |
| 2 | Приходи од продажба | 152,533,070.00 | 164,629,373.00 | *93* |
| 3 | Останати приходи | 6,057,379.00 | 6,574,628.00 | *92* |
| 4 | Залиха на готови п-ди и на недовршено производство на почетокот на годината | 2,667,150.00 | 1,695,500.00 | *157* |
| 5 | Залиха на готови п-ди и на недовршено производство на крајот на годината | 1,262,250.00 | 2,667,150.00 | *47* |
| 6 | **II.РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **195,689,809** | **189,940,796.00** | ***103*** |
| 7 | Трошоци за суровини и други материјали | 23,052,772.00 | 27,477,254.00 | *84* |
| 8 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 5,284,864.00 | 10,750,709.00 | *49* |
| 9 | Останати трошоци од работењето | 6,355,084.00 | 4,584,710.00 | *139* |
| 10 | Трошоци за вработените | 153,459,365.00 | 138,407,492.00 | *110* |
| 11 | Плата и надоместоци на плата (нето) | *98,957,446.00* | *89,638,136.00* | *110* |
| 12 | Трошоци за даноци на плата и надомест на плата | *7,224,418.00* | *6,392,535.00* | *113* |
| 13 | Придонеси од задолжително социјално осигурување | *43,248,900.00* | *37,360,034.00* | *115* |
| 14 | Останати трошоци за вработените | *4,028,601.00* | *5,016,787.00* | *80* |
| 15 | Амортизација на материјални и нематер. с-ва | 3,384,618.00 | 2,792,577.00 | *121* |
| 16 | Вредносно усогласување на тековни с-ва | | 177.00 | |
| 17 | Останати расходи од работењето | 4,153,106.00 | 5,927,876.00 | *70* |
| 18 | **III.ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | **4,559,469.00** | **5,910,223.00** | ***77*** |
| 19 | Приходи по основ на камата од работењето со поврзани друштва | | | |
| 20 | Останати финансиски приходи | | | |
| 21 | **IV.ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | **2,800,388.00** | **142,210.00** | |
| 22 | Расходи по основ на камата од работењето со неповрзани друштва | 2,800,388.00 | 142,210.00 | |
| 23 | Добивка од редовното работење | | | |
| 24 | Загуба од редовно работење | 36,745,179.00 | 11,997,132.00 | *306* |
| 25 | Добивка пред оданочување | | | |
| 26 | Загуба пред оданочување | | | |
| 27 | Данок на добивка | | | |
| 28 | Нето добивка за деловната година | | | |
| 29 | Нето загуба за деловната година | 36,745,179.00 | 11,997,132.00 | *306* |
| 30 | Просечен број на вработени | 302 | 303 | |
| 31 | Број на месеци на работењето | 12 | 12 | |
| 32 | Добивка за годината | | | |
| 33 | Загуба за годината | 36,745,179.00 | 11,997,132.00 | *306* |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**

*За годината што завршува на 31.Декември 2024 и 2023 година*

*(во 000 денари)*

| ***Позиција*** | ***Тековна година*** | ***Претходна година*** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 152,533 | 164,629 |
| Останати оперативни приходи | 6,057 | 6,575 |
| | ***158,590*** | ***171,204*** |
| Залиха на готови производи. | 1405 | (972) |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 23,053 | 27,477 |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 5,285 | 10,751 |
| Трошоци за амортизација | 3,384 | 2,793 |
| Останати трошоци од работењето | 6,355 | 4,585 |
| Трошоци за вработените | 153,459 | 138,407 |
| Останати расходи од работењето | 4,153 | 5,928 |
| | ***197,094*** | ***188,969*** |
| ***Загуба /Добивка/ од оперативно работење*** | ***(38,504)*** | ***(17,765)*** |
| | | |
| Финансиски приходи | 4,559 | 5,910 |
| Финансиски расходи | 2,800 | 142 |
| | | |
| ***Добивка пред оданочување*** | | |
| ***Загуба пред оданочување*** | ***(36,745)*** | ***(11,997)*** |
| | | |
| *Данок од добивка* | | |
| | | |
| ***Добивка од редовното работење по оданочување*** | | |
| ***Загуба за годината*** | ***(36,745)*** | ***(11,997)*** |

### III.2 Биланс на состојба

Загубата за периодот од 01.Јануари до 31.Декември 2024 година утврдена во Билансот на успех се прикажува во Билансот на состојба. Тоа е извештај за финансиската состојба на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид на средствата, обврските и капиталот. Билансот на состојба е составен од две страни: актива и пасива.

Вкупната АКТИВА во вредност од 182,353,000,00 денари споредена со активата од минатата година од 2023 година е помала со индекс од 97%. Во активата прикажани се средствата:

- *Нетековните средства* во вредност од 24,588,917.00 денари ја сочинуваат нематеријални средства во вредност од 433,318.00 денари, материјалните средства во вредност од 23,927,475.00 денари и вложувањата во подружници во вредност од 228,124.00 денари. Материјалните средства во вредност од 23,927,475.00 денари за 2024 год. споредени со истите во 2023 год. имаат индекс 106%, а финансиските вложувања во 2024 год. споредени со истите вложувања во 2023 год. покажуваат индекс 100 %.

- *Тековните средства* во вредност од 157,764,083.00 денари споредени со истите во 2023 год. покажуваат индекс на намалување од 96%. Тековните средства ги сочинуваат краткорочните побарувања во вредност од 140,104,497.00 денари, залихите во вредност од 7,715,587.00 денари и паричните средства во вредност од 9,943,999.00 денари.

Краткорочните побарувања за 2024 година споредени со истите од 2023 година покажуваат индекс од 95%, залихите во 2043 година споредени со истите од 2023 година имаат индекс од 80%, додека паричните средства во 2024 година споредени со паричните средства во 2023 година покажуваат индекс од 178%.

Вкупната ПАСИВА во вредност од 182,353,000.00 ден. во табелата е прикажана преку:

- основна главнина (капитал)
- акумулирана добивка
- добивка/загуба за деловната година
- краткорочни обврски
- одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди

Основната главнина изнесува 10,109,272.00 денари; акумулираната добивка во вредност од 33,659,158.00 денари споредена со истата во изминатата 2023 год. е помала со индекс од 74%. Нето загубата за 2024 година изнесува 36,745,179.00 денари.

Во обврски влегуваат обврските спрема добавувачите, обврските за даноци и придонеси од плата, обврски кон вработените, тековни даночни обврски и останати обврски. Краткорочните обврските во 2024 година изнесуваат 171,944,586,00 денари и во споредба со истите во 2023 година покажуваат индекс од 123%.

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**

| | 2024 год. | 2023 год. | Индекс |
|---|---|---|---|
| | износ | износ | % |
| **А.НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **24,588,917.00** | **23,515,821.68** | *105* |
| **I.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | ***433,318.00*** | ***740,417.00*** | *59* |
| Софтвер | *433,318.00* | *740,417.00* | *59* |
| **II.МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | ***23,927,475.00*** | ***22,547,280.18*** | *106* |
| Недвижности | *5,725,723.00* | *9,998,953.47* | *57* |
| Земјиште | 3,629,400.00 | 3,629,400.00 | *100* |
| градежни објекти | 2,096,323.00 | 6,369,553.47 | *33* |
| постројки и опрема | *10,214,128.00* | *11,799,071.31* | *87* |
| Транспортни средства | *7,987,624.00* | *749,255.00* | *1066* |
| **III. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА** | ***228,124.00*** | ***228,124.00*** | *100* |
| вложување во подружница | 228,124.00 | 228,124.00 | *100* |
| **В.ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **157,764,083.00** | **164,139,106.00** | *96* |
| **I. ЗАЛИХИ** | ***7,715,587.00*** | ***9,615,162.00*** | *80* |
| залихи на суровини и материјали | 4,081,879.00 | 371,287.00 | *1099* |
| залихи на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | 2,371,458.00 | 6,576,725.00 | *36* |
| залихи на недовршени производи и полупроизводи | 1,262,250.00 | 2,667,150.00 | *47* |
| **II. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА** | ***140,104,497.00*** | ***148,927,921.00*** | *95* |
| побарувања од купувачи | 137,894,311.00 | 137,931,050.00 | *99* |
| побарувања за дадени аванси од добавувачи | 1,949,186.00 | 5,845,092.00 | *33* |
| побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и др. | | 1,318,458.00 | |
| побарувања од вработените | 11,000.00 | 120,230.00 | 9 |
| Краткорочни кредити и заеми | 250,000.00 | 950,000.00 | *26* |
| Однапред платени трошоци | | 2,763,089.00 | |
| **III.ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ** | ***9,943,999.00*** | ***5,596,023.00*** | *178* |
| парични средства | 9,943,999.00 | 5,596,023.00 | *178* |
| **АКТИВА:** | **182,353,000.00** | **187,654,927.00** | ***97*** |
| **А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | **8,034,177.00** | **44,779,357.00** | *18* |
| **I.ОСНОВНА ГЛАВНИНА** | *10,109,271.00* | *10,109,272.00* | *100* |
| **II. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА** | *33,659,158.00* | *45,656,290.00* | *74* |
| **III. ЗАКОНСКИ РЕЗЕРВИ** | *1,010,927.00* | *1,010,927.00* | *100* |
| **IV. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | | | |
| **V. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | *36,745,179.00* | *11,997,132.00* | *306* |
| **Б. ОБВРСКИ** | **174,318,823.00** | **142,875,569.00** | ***122*** |
| **I.КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | ***171,944,586.00*** | ***140,260,298.00*** | *123* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| обврски спрема добавувачи | 106,602,840.00 | 104,214,610.00 | *102* |
| обврски за аванси,депозити и кауции | 241,559.00 | | |
| обврски за даноци и придонеси од плата и надомести од плата кон вработените | 4,206,919.00 | 3,903,848.00 | *108* |
| обврски кон вработените | 10,344,681.00 | 11,183,092.00 | *93* |
| тековни даночни обврски | 2,403,451.00 | 1,614,201.00 | *149* |
| обврски по заеми и кредити | | 150,000.00 | |
| останати финансиски обврски | | | |
| останати краткорочни обврски | 48,145,136.00 | 19,194,547.00 | *250* |
| **II. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)** | **2,374,237.00** | **2,615,271.00** | *91* |
| **ПАСИВА:** | **182,353,000.00** | **187,654,927.00** | ***97*** |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА**

*на 31.Декември 2024 и 2023 година*

*(во 000 денари)*

| ***Позиција*** | ***Тековна година*** | ***Претходна година*** |
|---|---|---|
| Средства: | | |
| Нематеријални средства | 433 | 740 |
| Материјални средства | 23,928 | 22,547 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 228 | 228 |
| | ***24,589*** | ***23,516*** |
| Тековни средства | | |
| Залихи | 7,716 | 9.615 |
| Побарувања од купувачи | 137,894 | 137.931 |
| Побарувања од вработените | 11 | 120 |
| Побарување за дадени аванси | 1,949 | 5,845 |
| Побарувања од државата основ даноци,придонеси | | 1,318 |
| Краткорочни кредити и заеми | 250 | 950 |
| Однапред платени трошоци | | 2,763 |
| Парични средства и еквиваленти | 9,944 | 5,596 |
| | ***157,764*** | ***164,138*** |
| ***Вкупна Актива:*** | ***182,353*** | ***187,654*** |
| | | |
| Капитал и резерви: | | |
| Запишан основен капитал | 10,109 | 10,109 |
| Законски резерви | 1,011 | 1,011 |
| Акумулирана добивка | 33,659 | 45,656 |
| Добивка за финансиската година | | |
| Загуба за финансиската година | (36,745) | (11,997) |
| | ***8,034*** | ***44,779*** |
| Обврски: | | |
| Тековни обврски | | |
| Обврски према добавувачи | 106,603 | 104,214 |
| Обврски за аванси,депозити | 242 | |
| Обврски за даноци,придонеси и од плата | 4,206 | 3,903 |
| Обврски кон вработените | 10,345 | 11,183 |
| Тековни даночни обврски | 2,403 | 1,614 |
| Обврски по заеми и кредити | | 150 |
| Останати финансиски обврски | 45,490 | |
| Останати краткорочни обврски | 2,655 | 19,195 |
| | ***171,945*** | ***140,260*** |
| Одложено плаќање на трошоците | ***2,374*** | ***2,615*** |
| | | |
| ***Вкупна Пасива:*** | ***182,353*** | ***187,654*** |

***Преглед на промените на капиталот и резервите за 2024 година***

Промени на капиталот и резервите за 2024 год. прикажани се во следната табела:

| **Позиција** | **Состојба на 31.12.2023 год.** | **Зголемување** | **Намалување** | **Состојба на 31.12.2024 година** |
|---|---|---|---|---|
| Капитал | 10,109 | | | 10,109 |
| Резерви | 1,011 | | | 1,011 |
| Акумулирана добивка | 45,656<br>(11,997) | | | 33,659 |
| Загуба | | | (36,745) | (36,745) |
| **Вкупно:** | 44,779 | | (36,745) | 8,034 |

**IV. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ**

* Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид ги има изготвено своите финансиски извештаи врз основа на пресметковна основа (фактурирана реализација).

***- Реализација***

Во табелата на вкупните приходи за пресметковниот период од 01.Јануари до 31.Декември 2024 година приходите на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид изнесуваат 163,149,918.00 денари или со индекс од 92% добиен како резултат на споредување на приходите од 2024 година со вкупните приходи од 2023 година за истиот пресметковен период. Вредноста на вкупните приходи е добиена како резултат на зголемувањето или намалувањато на поединечните приходи пооделно во работните единици.

Во вкупната структура на приходи во 2024 година најголемо учество имаат *Приходите од ѓубретарина од граѓани* по основ на услуга, подигање, транспорт и депонирање на комунален смет во вредност од 81,638,772.00 денари; *Приходи од претпријатија* по основ на услугата подигање, транспортирање и депонирање на смет од мали и големи правни лица – редовно и вонредно со вредност од 41,825,675.00 денари; *Приходи од јавна чистота* во вредност од 11,236,675.00 денари врз основа на извршени активности предвидени за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота за 2024 год., *Приходи од зеленило* со вредност од 9,446,931.00 денари по основ на извршени активности предвидени со Програмата за работа од Градскиот Совет на Општина Охрид за јавно зеленило, продажба расаден материјал, хортикултурно уредување на дворови, паркови и сообраќајни

клучки, кроење дрвореди по улици на град Охрид; *Приходи од комунални услуги градежи* на износ од 5,375,406.00 денари, а се однесуваат за вонредно чистење на просторот од смет како последица на превземени градежни работи; *Приходи од камати* во вредност од 4,559,469.00 денари по основ камати од сметки и фактури, судски спорови, граѓани, правни лица; *Вишоци на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми* книжени на конто 7643 во вредност од 1,669,376.00 ден. од минати години; *Приходи од отпис на обврски од комитенти* книжени на конто 7653 во вредност од 1,650,093.00 ден.; *Приходи од субвенции* книжени на конто 7671 во вредност од 1,235,167.00 ден. од Општина Охрид; *Приходи од наемнина* книжени на конто 7470 во вредност од 1,096,692.00 ден. по основ издавање на деловни простории и просторот во Градските Гробишта за полагање возачки испит; *Приходи од услуга со транспортно средство* книжени на конто 74050 во вредност од 888,551.00 ден. за чистење, транспорт и депонирање комунален и зелен отпад од диви депонии, јавни и сообраќајни површини; *Приходи од шут* книжени на конто 74016 и 74018 во вредност од 564,876.00 ден. по основ на депонирањње шут на депонија Мауцкер ; *Приходи од минати години* книжени на конто 7699 во вредност од 397,203.00 ден. по основ на извршно решение; *Приходи од префактурирање електрична енергија* на износ од 382,901.00 денари; *Вишоци на останати средства* книжени на конто 7649 во вредност од 328,911.00 ден. од минати години по основ на усогласување на магацин - материјално и финансово; *Приходи од наплата по судски одлуки (адвокати и нотари)* книжени на конто 769995 во вредност од 244,050.00 ден.; *Други неспомнати приходи* книжени на конто 7690 во вредност од 8,869.00 ден. ; *Приходи од отпадна хартија* книжени на конто 74052 во вредност од 189,960.00 денари; *Приходи од продажба на канти* книжени на конто 74032 во вредност од 123,685.00 денари; *Разни други приходи во вредност од* 104,237.00 денари по основ одржување на настани и промоции во текот на летниот период; *Приходи од ангажирање работници* во вредност од 41,550.00 ден.; *Приходи од префактурирање вода* на износ од 29,198.00 денари.

Анализирајќи ја споредбата на приходите од 01.Јануари до 31.Декември 2024 год. со приходите од минатата 2023 година се добиваат индекси кои покажуваат зголемување или намалување на поединечните или вкупните приходи во 2024 год. во однос на минатата 2023 година.

| | ТАБЕЛА ПРИХОДИ | 2024 | | 2023 | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вид на приход | износ | структура | износ | структура | % |
| | **ХИГИЕНА** | | | | | |
| 74000 | Приходи од губретар.од граѓани | 81,638,772.00 | 50.04 | 88,348,069.00 | 49.88 | 92 |
| 74011 | Приходи од претпријатија | 41,825,675.00 | 25.64 | 43,917,005.00 | 24.80 | 95 |
| 74019 | Приходи од јавна чистота | 11,236,675.00 | 6.89 | 15,434,820.00 | 8.71 | 73 |
| | **ЗЕЛЕНИЛО** | | | | | |
| 74027 | Приходи од зеленило | 9,446,931.00 | 5.79 | 8,095,459.00 | 4.57 | 117 |
| | **МЕХАНИЗАЦИЈА** | | | | | |
| 74050 | Приходи од услуги со транспор.средства | 888,551.00 | 0.54 | 244,184.00 | 0.14 | 364 |
| 74051 | Приходи од ангажирање работници | 41,550.00 | 0.03 | 1,032,460.00 | 0.58 | 4 |
| 74052 | Приходи од отпадна хартија | 189,960.00 | 0.12 | 158,210.00 | 0.09 | 120 |
| 74016 | Приходи-Шут | 155,916.00 | 0.10 | 232,355.00 | 0.13 | 67 |
| 74018 | Шут-фактури | 408,960.00 | 0.25 | 592,680.00 | 0.33 | 69 |
| 74028 | Приходи од комунални услуги-градежи | 5,375,406.00 | 3.29 | 5,385,386.00 | 3.04 | 100 |
| | **ДРУГИ ПРИХОДИ** | | | | | |
| 74013 | Разни други приходи | 104,237.00 | 0.06 | 244,441.00 | 0.14 | 43 |
| 7550 | Приходи од вредносно усогласување на краткорочни побарувања | 18,321.00 | 0.01 | 11,073.00 | 0.01 | 165 |
| 7643 | Вишоци на резервни делови,ситен инвентар,амбалажа и автогуми | 1,669,376.00 | 1.02 | | | |
| 7649 | Вишок на останати средства | 328,911.00 | 0.20 | | | |
| 7653 | Приходи од отпис на обврски од неповрзани друштва | 1,650,093.00 | 1.01 | | | |
| 7671 | Приходи од субвенции | 1,235,167.00 | 0.76 | 6,021,940.00 | 3.40 | 21 |
| 7690 | Други неспомнати приходи | 8,869.00 | 0.01 | 137,928.00 | 0.08 | 6 |
| 7691 | Приходи од наплатени пенали,казни и штети | 21,650.00 | 0.01 | | | |
| 7699 | Приходи од минати години | 397,203.00 | 0.24 | | | |
| 76990 | Приходи од наплата на судски одлуки | 48,007.00 | 0.03 | | | |
| 74032 | Приходи од продажба канти | 123,685.00 | 0.08 | | | |
| 769990 | Приходи од префактурирање на ел.енергија | 382,901.00 | 0.23 | 349,520.00 | 0.20 | 110 |
| 769991 | Приходи од префактурирање на вода | 29,198.00 | 0.02 | 19,327.00 | 0.01 | 151 |
| 769992 | Приходи од префактурирање на фактури од нискоградба/колектор | 14,694.00 | 0.01 | 13,019.00 | 0.01 | 113 |
| 76993 | Исправка на грешка од претходни години | 8,460.00 | 0.01 | 21,820.00 | 0.01 | 39 |
| 769994 | Приходи од префактурирање вода | 584.00 | 0.00 | | | |
| 769995 | Приходи од наплата по судски одлуки | 244,005.00 | 0.15 | | | |
| | **ПРИХОДИ ОД НАЕМНИНА** | | | | | |
| 7470 | Приходи од наемнина | 1,096,692.00 | 0.67 | 944,303.00 | 0.53 | 116 |
| | **ПРИХОДИ ОД КАМАТА** | | | | | |
| 77460 | Приходи од камата | 4,559,469.00 | 2.79 | 5,910,224.00 | 3.34 | 77 |
| | **Вкупно** | **163,149,918.00** | **100** | **177,114,223.00** | **100** | **92** |

***- Трошоци на реализација***

** Трошоци на реализација ги опфаќаат сите трошоци што се настанати во однос на фактурираната реализација.*

** Трошоците кои произлегуваат од комунални услуги се покриваат од услугите на пресметковниот период кога ќе настанат. Реконструкција и адаптација со која се менува капацитетот или намената на основните средства, се книжат односно искажуваат како зголемување на вредноста на основните средства.*

Вкупните расходи на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид за пресметковниот период од 01.Јануари до 31. Декември 2024 год. изнесуваат 199,895,097.00 денари или со индекс од 106% добиен како резултат на споредување на расходите од 2024 год. со вкупните расходи од 2023 година за истиот пресметковен период. Трошоците се поделени во материјални трошоци; нематеријални трошоци; плати и други трошоци.

Во материјалната група на трошоци спаѓаат:
- *Трошоците за нафта и гориво* во вредност од 11,537,183.00 денари, а најголем дел се однесуваат на потрошено гориво за возилата на Ј.П. "Охридски Комуналец" - Охрид чија основна дејност е подигање, транспорт и депонирање на комунален отпад;
- *Потрошени резервни делови за сервисни услуги* во вредност од 7,063,284.00 денари;
- *Трошоци на амортизација* книжени на конто 4300 на нематеријални, материјални средства и опрема во вредност од 3,384,618.00 денари;
-*Потрошени суровини и материјали* во вредност од 3,477,140.00 денари, а се однесуваат за набавна вредност на производство, препарат за гаснење пожар, градежен материјал ризла и тампон, песок, индустриска сол, жардињери, печатен канцелариски материјали сметки и фактури, тонери, материјал за хигиена, ;
- *Останати транспортни услуги* на конто 4109 во вредност од 1,414,229.00 денари, а се однесуваат на услуги од ангажирање градежна механизација за уредување и превоз на земја на депонија Буково;
- *Трошоци за ел.енергија* книжени на конто 4030 во вредност од 1,258,981.00 денари ;
- *Телефонски и поштенски услуги* книжени на конто 4110 во вредност од 1,012,617.00 денари, по основ на комуникациски услуги, надомест интернет и телефони;
- *Трошоци за автогуми* книжени на конто 4072 во вредност од 954,940.00 денари;
- *Ветеринарни услуги* книжени на конто 4158 на износ од 622,012.00 денари за заловување, вакцинирање, стерилизација на кучиња;
- *Трошоци за одржување и заштита* книжени на конто 4139 во вредност од 342,343.00 денари се однесуваат за поправка и дефекти на водоводна мрежа, компјутерска опрема, алат , инвентар и опрема;

- *Трошоци за услуги за сервис и одржување на моторни возила (патнички, товарни) заштита* во вредност од 280,007.00 денари, а се однесуваат за поправка и дефекти;
- конто 4150 *трошоци за вода* во вредност од 299,820.00 денари;

- конто 4153 *трошоци за одводнување и прочистување отпадни и атмосферски води* во вредност од 282,964.00 денари;

- *Услугите за одржување софтвер и веб страна* на износ од 241,800.00 денари;

- *Останати услуги* на конто 419 во вредност од 220,105.00 денари, а се однесуваат на регистрација на возила;

- *Останати надворешни услуги* на конто 4128 во вредност од 207,604.00 денари за услуги со дигалка;

- *Кирија - закуп на деловни простории во земјата* книжени на конто 4140 во вредност од 206,705.00 денари;

- Потрошена *топлотна енергија* книжени на конто 4031 во вредност од 166,144.00 денари;

- *Услугите за тековно и инвестиционо одржување на недвижности, постројки и опрема* книжени на конто 4130 на износ од 118,657.00 ден. , а се однесуваат на изработка и монтажа канал од каналетки, монтажа кнауф;

- *Услугите за контрола на квалитет,атестирање добра и услуги* на износ од 36,000.00 ден., а се однесуваат на набавка сезонско цвеќе, семе и контрола на квалитетот;

Од *Нематеријалните трошоци* најголема ставка се однесува за конто *4640 - Кусоци* во вредност од 1,999,663.00 ден., а се однесуваат за ситен инвентар од минати години;

- *Банкарски услуги и трошоци за платниот промет* на конто 446 во износ од 1,673,620.00 денари;

- *Рекламирање и пропаганда преку електронски и печатени медиуми* на износ од 1,194,000.00 денари

- *Адвокатски услуги* книжени на конто 449052 на износ од 1,192,735.00 денари по основ месечен Договор и по списоци за нотарски платен налог;

- *Нотарски услуги* книжени на конто 449053 на износ од 1,041,342.00 денари по основ месечен Договор и по списоци за нотарски платен налог;

- *Расходи врз директен отпис на побарување* книжени на конто 4660 во износ од 802,515.00 денари, а се однесуваат за постари побарувања заради намалена веројатност за нивна наплата, законски одредби или економски-правни настани (во стечај -без цела или делумна наплата на побарувањето);

- *Расходи од ефекти од промена на сметководствената политика и исправени грешки од претходна година* книжени на конто 4692 во износ од 462,425.00 денари;

- *Надомест и штета по спогодба или судско решение* на конто 4684 на износ од 480,684.00 денари;

- *Консултански, советодавни и сметководствени услуги* книжени на конто 44902 на износ од од 366,050.00 денари, а се однесуваат на трошоци за консултански услуги за безбедност во работењето, сметководството, проценка на недвижности и опрема;

- *Трошоци за Управен Одбор* на конто 4420 во износ од 333,360.00 денари се однесуваат за месечни надоместоци на членовите на Управен Одбор;

- *Неотпишана вредност врз основа на расходување и уништување недвижности, постројки и опрема* книжени на конто 4601 со износ од 212,945.00 денари;

- *Трошоци за огласување во печатени медиуми* книжени на конто 4494 во износ од 203,939.00 денари, а се однесуваат за слободни работни места, објава за јавна набавка, електронска база на прописи, услуги за одржување веб страна освен реклама;

- *Трошоци за Надзорен Одбор* на конто 4421 во износ од 193,314.00 денари се однесуваат за месечни надоместоци на членовите на Надзорен Одбор;

- *Вредносно усогласување на залихите на суровини и материјали* книжени на конто 4560 во износ од 169,227.00 денари, а се однесува на усогласување на магацин - материјална со финансова вредност од минати години;

- *Премии за осигурување на имот, транспортни средства* книжени на конто 44501 во износ од 153,735.00 денари;

- *Интелектуални услуги* книжени на конто 4490 со износ од 150,957.00 денари, а се однесуваат на трошоци за услуга од одржување веб страна на ЈП Охридски Комуналец - Охрид, изготвување финансиски извештај за финансико планирање и анализа на трошоци - рамка;

- *Трошоци за организирана исхрана во текот на работата* книжени на конто 4413 во износ од 136,073.00 денари;

- *Членарина* на износ од 113,403.00 денари книжени на конто 4473, а се однесуваат за трошоци по основ на членување во Здружение на даватели на комунални услуги;

- *Дневници за службени патувања* книжени на конто 440 кои изнесуваат 84,749.00 денари;

- *Трошоци за договор на дело* книжени на конто 44901 на износ од 61,590.00 денари за закуп на простор за потребите на одделение Јавна Хигиена и изработка на електро табла за контрола на наводнувањето во Градскиот парк;

- *Трошоци за репрезентација* на конто 4440 со износ од 61,449.00 денари;

- *Трошоци за донации* книжени на конто 4433 во износ од 56,000.00 денари, а се однесуваат за помош во лекување и донација во Дебарско - Кичевска епархија ;

- *Трошоци за спонзорства* книжени на конто 4430 во износ од 54,000.00 денари, а се однесуваат за учество на вработените во спортски игри - комулијада, турнир во фудбал ;

- *Трошоци за образование и усовршување* книжени на конто 4416 во износ од 30,900.00 денари.

Во износот од 149,430,764.00 денари книжени се вкалкулирани плати на конто 420 пресметани се *Платите и надоместоците на плати* за вработените во Ј.П."Охридски Комуналец"- Охрид. *Трошоци за отпремнина при заминување пензија* книжени на конто 4220 во вредност од 508,126.00 ден.,*Трошоци за јубилејни награди* книжени на конто 4222 во вредност од 116,669.00 ден., *Регрес за годишен одмор* книжени на конто 4223 во вредност од 2,355,372.00 ден. и *Трошок за дадена помош за вработените* во вредност од 244,538.00 денари.

*Камата од работење со поврзани субјекти* во вредност од 2,800,388.00 денари, а се однесува за казнени камати.

| | ТАБЕЛА РАСХОДИ | 2024 | | 2023 | | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вид на трошок** | износ | структура | износ | структура | % |
| | **МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| 4000 | Потрошен основен мат-јал и суровини | 3,477,140.00 | 1.74 | 999,912.00 | 0.53 | 348 |
| 4030 | Потрошена електрична енергија | 1,258,981.00 | 0.63 | 1,256,015.00 | 0.66 | 100 |
| 4031 | Потрошена топлотна енергија | 166,144.00 | 0.08 | 222,881.00 | 0.12 | 75 |
| 4032 | гориво за моторни возила | 11,537,183.00 | 5.77 | 13,078,662.00 | 6.92 | 88 |
| 4050 | Потрошени резервни делови за сервисни услуги | 7,063,284.00 | 3.53 | 9,729,723.00 | 5.14 | 73 |
| 4072 | Трошоци за автогуми | 954,940.00 | 0.48 | 1,218,411.00 | 0.64 | 78 |
| 4109 | останати транспортни услуги | 1,414,229.00 | 0.71 | 348,430.00 | 0.18 | 406 |
| 4110 | Телефонски и поштенски услуги | 1,012,617.00 | 0.51 | 990,777.00 | 0.52 | 102 |
| 4128 | Останати надворешни услуги | 207,604.00 | 0.10 | 285,540.00 | 0.15 | 73 |
| 4130 | Услуги за тековно и инвестиционо одржување на недвижности, постројки и опрема | 118,657.00 | 0.06 | 2,061.00 | 0.00 | 5,757 |
| 4134 | Услуги за одржување на софтвер и веб страна | 241,800.00 | 0.12 | 264,542.00 | 0.14 | 91 |
| 4136 | Услуги за сервис и одржување на мотор. возила (патнички товарни и сл.) | 280,007.00 | 0.14 | 279,463.00 | 0.15 | 100 |
| 4139 | Други услуги за одржување и заштита | 342,343.00 | 0.17 | 525,533.00 | 0.28 | 65 |
| 4140 | Кирија - закуп на деловни простории во земјата | 206,705.00 | 0.10 | | | |
| 4147 | Наем на возила за собирање смет,метачка,цистерна за прскање на вода | | | 5,177,900.00 | 2.74 | |
| 4150 | Трошоци за вода | 299,820.00 | 0.15 | 223,568.00 | 0.12 | 134 |
| 4153 | Трошоци за одводнување и прочистување на отпадни и атмосферски води | 282,964.00 | 0.14 | 212,291.00 | 0.11 | 133 |
| 4158 | Ветеринарни, санитарни и сл. услуги | 622,012.00 | 0.31 | 613,592.00 | 0.32 | 101 |
| 4190 | Услуги за регистрација на возила | 220,105.00 | 0.11 | 203,639.00 | 0.11 | 108 |
| 4194 | Услуги за контрола на квалитет,атестирање на добра и услуги | 36,000.00 | 0.02 | 564,374.00 | 0.30 | 6 |
| 4300 | Амортизација на нематеријални средства, недвижности и опрема | 3,384,618.00 | 1.69 | 2,792,577.00 | 1.48 | 121 |
| | **НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | | | | | |
| 4400 | Дневници за службени патувања | 84,749.00 | 0.04 | 57,514.00 | 0.03 | 147 |
| 4413 | Трошоци за организирана исхрана во текот на работата | 136,073.00 | 0.07 | 21,066.00 | 0.01 | 646 |
| 4415 | Трошоци за задолжителни систематски лекарски прегледи | 1,000.00 | 0.00 | 569,800.00 | 0.30 | 0 |
| 4416 | Трошоци за образование и усовршување | 30,900.00 | 0.02 | 60,380.00 | 0.03 | 51 |
| 4418 | ПОДАРОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ | 24,500.00 | 0.01 | 17,500.00 | 0.01 | 140 |
| 4420 | Трошоци за надомест и други примања на членови на управен одбор | 333,360.00 | 0.17 | 344,472.00 | 0.18 | 97 |
| 4421 | Трошоци за надомест и други примања на членови на надзорен одбор | 193,314.00 | 0.10 | 211,082.00 | 0.11 | 92 |
| 4430 | трошоци за спонзорства во земјава | 54,000.00 | 0.03 | 50,000.00 | 0.03 | 108 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4433 | Донации во земјата за спортски, културни, образовни, здравствени и слични дејности, заштита на животна околина, невладини организации и сл. | 56,000.00 | 0.03 | 130,495.00 | 0.07 | 43 |
| 4440 | Трошоци за репрезентација | 61,449.00 | 0.03 | 97,705.00 | 0.05 | 63 |
| 4170 | Рекламирање и пропаганда преку електронски и печатени медиуми | 1,194,000.00 | 0.60 | 1,059,000.00 | 0.56 | 113 |
| 44501 | Премии за осигурување на имот, транспортни средства | 153,735.00 | 0.08 | 229,903.00 | 0.12 | 67 |
| 4460 | банкарски услуги и трошоци за платен промет | 1,673,620.00 | 0.84 | 1,461,249.00 | 0.77 | 115 |
| 4473 | Членарини | 113,403.00 | 0.06 | 99,865.00 | 0.05 | 114 |
| 4490 | Интелектуални услуги | 150,957.00 | 0.08 | 230,023.00 | 0.12 | 66 |
| 44901 | Трошоци за договор на дело | 61,590.00 | 0.03 | 211,349.00 | 0.11 | 29 |
| 44902 | Консултантски, советодавни и сметководствени услуги | 366,050.00 | 0.18 | 248,433.00 | 0.13 | 147 |
| 449052 | Адвокатски услуги | 1,192,735.00 | 0.60 | 694,409.00 | 0.37 | 172 |
| 449053 | Нотарски услуги | 1,041,342.00 | 0.52 | 300,202.00 | 0.16 | 347 |
| 4492 | Трошоци за книги, прирачници, дневни и неделни весници, стручна литература, службен весник и др. | 32,264.00 | 0.02 | 14,826.00 | 0.01 | 218 |
| 4494 | Трошоци за огласување во печетени медиуми (за слободни работни места,објава на финансиски извештаи и сл., освен реклама | 203,939.00 | 0.10 | 260,697.00 | 0.14 | 78 |
| 4560 | Вредносно усогласување на залихите на суровини и материјали | 169,227.00 | 0.08 | | | |
| 4601 | Неотпишана вредност врз основа на расходување и уништени недвижности,постројки и опрема | 212,945.00 | 0.11 | 3,465,540.00 | 1.83 | 6 |
| 4640 | Кусоци | 1,999,663.00 | 1.00 | | | |
| 4660 | Расходи врз директен отпис на побарување | 802,515.00 | 0.40 | | | |
| 4684 | Надомест на штета на други правни и физ.лица по спогодба или судско реше. | 480,684.00 | 0.24 | 387,852.00 | 0.21 | 124 |
| 4690 | Трошоци за спорови, административни и судски такси | 25,648.00 | 0.01 | 165,163.00 | 0.09 | 16 |
| 4692 | Расходи од ефекти од промена на сметководствена политика и исправени грешки од претходна година | 462,425.00 | 0.23 | 1,909,498.00 | 1.01 | 24 |
| | **ПЛАТА** | | | | | |
| 4200 | Плата и надоместоци на плата-нето | 149,430,764.00 | 74.75 | 133,390,705.00 | 70.54 | 112 |
| 4220 | трошоци за вработените за отпремнина при заминување во пензија | 508,126.00 | 0.25 | 785,558.00 | 0.42 | 65 |
| 4222 | Трошоци за јубелејни награди | 116,669.00 | 0.06 | 50,002.00 | 0.03 | 233 |
| 4223 | Регрес за годишен одмор | 2,355,372.00 | 1.18 | 3,399,966.00 | 1.80 | 69 |
| 4228 | Трошок за дадена помош за вработени | 244,538.00 | 0.12 | 55,000.00 | 0.03 | 445 |
| | **ДРУГО** | | | | | |
| 4746 | Казнена камата | 2,800,388.00 | 1.40 | 142,210.00 | 0.08 | 1,969 |
| | **Вкупно** | **199,895,097.00** | **100** | **189,111,355.00** | **100** | **106** |

## V. РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА НАПЛАТАТА ПО ОСНОВ НА УСЛУГАТА - ПОДИГАЊЕ, ТРАНСПОРТ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА И МАЛИ ПРАВНИ ПРАВНИ ЛИЦА

Сметките за физички лица, како и фактурите за мали правни се изготвуваат и дистрибуираат до корисниците во рамките на активностите и задолженијата на вработените во Одделение за Наплата.

Во пресметковниот период од 01.Јануари до 31.Декември 2024 год. доставени се 342174 сметки односно вкупната вредност на задолжени сметки по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на смет од граѓани изнесува 114,614 (во илјада денари). Во прегледот поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени сметки и нивното задолжение.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**
**ЗА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ЗА 2024 год.**

| *Месец* | *задолжение* | | | | *вкупна наплата* | | | | *%* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *бр. Сметки* | | *износ (во 000 ден.)* | | *бр. Сметки* | | *Износ (во 000 ден.)* | | *Напл. Задол. (2024)* |
| | 2023 | ***2024*** | 2023 | ***2024*** | 2023 | ***2024*** | 2023 | ***2024*** | |
| I | 27881 | *28418* | 9,023 | *9,592* | 22771 | *23409* | 6,879 | 7,655 | *80* |
| II | 27906 | *28436* | 9,269 | *9,889* | 21528 | *23524* | 6,748 | *7,816* | *80* |
| III | 27988 | *28416* | 9,201 | *9,677* | 23279 | *22937* | 7,301 | *7,642* | *79* |
| IV | 28056 | *28419* | 9,247 | *9,556* | 22743 | *24466* | 7,053 | *8,145* | *85* |
| V | 28153 | *28455* | 9,559 | *9,331* | 24983 | *25297* | 7,825 | *8,322* | *89* |
| VI | 28204 | *28518* | 9,802 | *9,457* | 27361 | *26167* | 8,463 | *8,535* | *90* |
| VII | 28212 | *28516* | 9,743 | *9,442* | 35404 | *35892* | 10,751 | *11,651* | *123* |
| VIII | 28227 | *28564* | 9,381 | *9,549* | 37700 | *33288* | 11,601 | *10,929* | *114* |
| IX | 28318 | *28575* | 9,281 | *9,537* | 27237 | *27695* | 8,713 | *9,491* | *99* |
| X | 28323 | *28595* | 9,333 | *9,442* | 24895 | *25029* | 7,994 | *8,636* | *91* |
| XI | 28343 | *28625* | 9,301 | *9,610* | 23995 | *26184* | 7,749 | *8,793* | *91* |
| XII | 28355 | *28637* | 9287 | *9,532* | 24706 | *26572* | 7,978 | *9,154* | *96* |
| ***Вкупно:*** | 337966 | ***342174*** | 112,427 | ***114,614*** | 316602 | ***320460*** | 99,055 | ***106,769*** | ***93*** |

Вкупниот број на наплатени сметки изнесува 320460, а вкупната вредност од наплата на сметки по основ на подигање, транспортирање и депонирање на смет изнесува 106,769 (во илјада денари) односно со индекс од 93%. Најголема наплата на сметки е остварена во месец Јули 2024 година во вредност од 11,651 (во илјада денари) со индекс од 123%.

До малите правни лица кои својата дејност ја обавуваат на територија на Општина Охрид, по основ на услугата подигање, транспорт и депонирање на отпад, доставени се 20466 фактури, а вкупното задолжение изнесува 38,827 (во илјада денари). Во прегледот подолу поединечно по месеци прикажан е бројот на доставени фактури и нивното задолжение.

**РЕКАПИТУЛАЦИЈА**
**ЗА МАЛИ ПРАВНИ ЛИЦА ЗА 2024 год.**

